

# FOREVER

N. MACEDONIA

Јануари 2020 | Број 219

**SUCCESS DAY**

**12.01.2020**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

## КОЛКУ Е ПОГОЛЕМА ЦЕЛТА, ТОЛКУ Е ПОГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕТО

Gregg Maughan

## ВО ФОРЕВЕР СЕКОГАШ ИМА МЕСТО ЗА ВАС

Rex Maughan




# Колку е поголема целта, толку е поголемо влијанието



**Поставувањето на големи цели секогаш е придружено со возбуда измешана со страв. Возбудливо е да си претставиме како исполнувањето на нашите цели ќе ги промени на подобро нашиот живот и тој на луѓето околу нас. Стравот се јавува кога си поставуваме прашања како: „Дали целта е превисока?“ или „Што ако не успеам?“**

Како што знаете, секоја година во Форевер си поставуваме неколку големи цели, но една од нив ми е особено драга. Пред неколку години патот на Форевер се вкрсти со организацијата „Да се спротивставиме на гладот“. Таа прави неверојатно многу за да нахрани гладни деца и семејства во целиот свет, но милиони и понатаму не добиваат доволно, за да живеат нормално.

Кога лично видовме како храната обезбедена од оваа организација го менува животот и носи надеж на децата и нивните заедници, знаевме дека Форевер исто треба да се вклучи. Ги спакувавме првите порции со „Да се спротивставиме на гладот“ во 2014-та и само две години подоцна спакувавме над два милиони порции. Но знаевме дека треба да направиме повеќе и на крајот на 2017-та си поставивме за цел сите заедно да спакуваме пет милиони порции храна за фондацијата до 2020 год.

Во Форевер големите цели никогаш не нѐ плашеле, но оваа нѝ се стори особено амбициозна и признавам, малку страшна. Многу околности требаше да течат на најдобриот можен начин и требаше огромна посветеност од страна на нашето Форевер семејство во цел свет, за да го оствариме сонот да нахраниме милиони.

Мојата загриженост дека нема да се справиме со целта брзо исчезна кога видов колку многу од вас се вклучивте во пакувањето, го дарувавте своето време и средства. Се сплотивме глобално со одлучноста која е карактеристична за Форевер семејството повеќе од 40 години.

Благодарение на вашата дарежливост и посветеност горд сум да ви соопштам дека ја постигнавме целта од пет милиони порции и го променивме животот на многу луѓе. Денес, заради вашите усилби, толку многу деца ќе се разбудат и нема да се чудат кога и од каде ќе се појави следниот оброк.

Се надевам дека сте горди на вашиот придонес за хранењето на милиони низ светот и дека ќе одвоите миг за да помислите како вашата дарежливост менува животи. И додека размислувате за прекрасните работи кои заедно ги постигнавме во 2019-та, знам дека со обновена посветеност и одлучност ќе поставите свои цели за претстојната година.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс




# Во Форевер секогаш има место за вас



**Кога на крајот на уште една фантастична година се собираме со роднини и пријатели, секогаш се потсетувам на една од омилените работи во Форевер – чувството за сплотеност и припадност, кое можноста за бизнис со Форевер ја овозможува на толку многу луѓе во светот.**

Импресивно е да се види каква промена можат да донесат комуникацијата и прифаќањето. Едноставно да те прифатат со раширени раце таков, каков што си, може да има толку силно влијание врз мечтите и стремежите на човекот и вистински да ја промени насоката на неговиот живот. Неверојатно сум горд што нашата бизнис можност ја дава оваа шанса на толку многу луѓе ширум светот.

**ИАКО НЕМА ДА БИДЕМЕ НА ИСТО МЕСТО ЗА ПРАЗНИЦИТЕ, НИЕ СМЕ ЗАЕДНО БЛАГОДАРЕНИЕ НА ВРСКИТЕ КОИ СМЕ ГИ СОЗДАЛЕ НИЗ СВЕТОТ.**

Но сплотеноста во Форевер не е само чувство. Имаме голема среќа што низ целата планета поседуваме згради, во кои нашите сопственици на Форевер бизнис и клиенти можат да се собираат, за да комуницираат меѓу себе. На овие места можете да разменувате идеи и да создавате пријателства. Таму секогаш се чувствувате добре дојдени и тие ве потсетуваат дека сте дел од заедница и важен член на нашето глобално семејство.

Без разлика дали се изградени од тули и малтер, или само идеја, споделена од човек на човек, нашите згради се физичко претставување на сето она што може да се создаде кога страствени луѓе работат заедно. Одејќи низ коридорот со знамиња во централната канцеларија, се сеќавам за секоја од зградите и за секој од вас, кој нѝ помага да ги полниме со луѓе.

Се надевам дека кога ги посетувате канцелариите на Форевер низ светот, се гордеете со улогата која сте ја имале за да го претворите во навистина посебно место. Без оглед дали сте искусен СФБ, или ги правите првите чекори во бизнисот, вие имате важен придонес за семејството и нашата заедница. Тука има место за вас и секогаш ќе има.

Бескрајно се гордеам со сѐ што сме изградиле заедно како Форевер семејство. Иако не сме на едно исто место за празниците, ние сме заедно благодарение на врските кои сме ги создале по светот. Се надевам дека ќе уживате во секој миг со блиските и омилени луѓе и со нетрпение очекувам да видам што ќе донесе 2020-та на секој од нас.

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП







# #EMR19 Pattaya



**Стевица и Александар Димовски:** Средбата на ОРЕЛ менаџерите од целиот свет, во Патаја - Тајланд, беше едно искуство кое тешко е да се опише со зборови. Да бидете во најлуксузен хотел на егзотична дестинација, да бидете меѓу најуспешните во светот на Форевер, да слушате врвни предавања од најуспешните, да се забавувате со сите нив заедно и сето тоа да ви биде платено е навистина нешто за што вреди да се потрудите напорно да работите. И сето тоа е само јаготка на шлагот, бидејќи титулата ОРЕЛ менаџер ви носи многу месечни бонуси и стабилна основа за вашиот бизнис во иднина.
Со сопругот со нетрпение ја очекуваме наредната средба на ОРЕЛ менаџери на крстарење на Бахамските Острови.









**Вера Златковска:** Нема друга компанија која дава можност да го запознаваш светот! Да се обучуваш и да се забавуваш! Да работиш и да си поканиш гостин кој ќе патува со тебе бесплатно! Ти благодарам Форевер!

**Елена Гелевска:** Што значеше за мене првото искуство да бидам Менаџер Орел? Пред сè, ми даде поголема самодоверба! Присуството на средбата на Менаџери Орел во Патаја ми даде можност да видам за каква компанија работам и колку Форевер ги уважува своите соработници. Тоа е нешто што за прв пат го почувствував од страна на сопственици на една компанија. Иако имам 20-годишно работно искуство, никогаш не сум била уважена како сега! Мојата порака до сите вас е- работете и уживајте во придобивките од Маркетинг планот на Форевер!

**Жарко и Мери Георгиевски:** Форевер им дава можност на обичните луѓе да постигнат необични нешта во животот! Вие каков живот сакате да имате?






# Што сте подготвени да направите дополнително?

**Важно е што сакате вие и за што сте спремни напорно да се трудите. Седнете и запишете сѝ што сакате и што сте спремни да направите дополнително, за да го живеете посакуваниот живот - и најважното – направете си план за негово остварување: за секој ден, секоја седмица и секој месец!**



Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Зад нас остана најдобрата година во историјата на Форевер Ливинг Продактс во Бугарија и Македонија. Продажбите во двете држави пораснаа повторно со повеќе од 10% во однос на претходните рекордни 12 месеци. И се чини дека сме толку навикнати секоја година да го зголемуваме бизнисот, што веќе го прифаќаме како нешто природно и разбирливо само од себе. Причината донекаде е што бизнис моделот на Форевер претполага дека кога имаме правилен став и применуваме точен систем од активности, растот на вашите мрежи и прометот во нив би требало да е гарантиран. Но дали беше така за сите? Сигурни сме дека не.

Мнозина работевте напорно и вложивте повеќе труд и резултатите ви се видливи – нови нивоа во маркетинг планот, дополнителни награди и патувања, како и повисоки бонуси. Сите спокојно можете да седнете на почетокот на новата година и да прецените кои точно активности придонесоа за вашиот успех, за да се фокусирате на истите и да ги извршувате почесто и поусовршено. Бидејќи вреди.

Има и други, кои можеби очекувавте дека ќе продолжите да правите едно исто, а резултатите ќе ви се променат само затоа што е така кај останатите. Но, тоа не функционира така никаде во животот, па ниту во Форевер. За да се случи промена, сите активности или неактивности, кои не носат резултат, треба да бидат заменети со полезни – спонзорирање на повеќе луѓе, привлекување на нови клиенти, употреба на повеќе продукти од секој член на вашата екипа. И ако сѐ уште не сте ја откриле правилната формула за да го постигнете тоа, можеби е добро да се потсетите на прирачникот „Први чекори до Менаџер“. Одново да видите сѐ што тој препорачува да се прави за да функционира системот и за вас така, како што функционира за оние кои година по година се радуваат на сѐ повеќе успеси и подобри резултати во својот бизнис со Форевер.

Не е сложено, навистина нема смисла да го повторувате поведението кое не ви било од корист. Но ако ги правите работите кои функционираат и носат резултати, гарантирано ќе видите раст во бизнисот и личниот развој.

Значи независно дали за вас изминатата година беше успешна или не толку, ако во новата 2020-та се фокусирате на остварување на повеќе контакти, средби, разговори, презентации и обуки, таа сигурно ќе биде уште подобра и подоходовна од претходната и ќе допринесе за посакуваната промена во вашиот живот. Поздрави, со подобар стил на живот, со повеќе и поквалитетно слободно време, повеќе пријатели и истомисленици околу вас и најважното – посигурни и посамоуверени во својата иднина.

За нас беше вистинско задоволство заедно да ги надминеме сите возбудливи предизвици на 2019-та и особено оние на крај. Ви благодариме за сѐ што направивте, за да бидат изминатите 12 месеци толку возбудливи!

Јас за новата година традиционално ќе се воздржам од желби, бидејќи без оглед што ние ви посакуваме, важно е што сакате вие и за што сте спремни да се трудите. Седнете, одделете време и запишете на хартија што сакате да ви се случи претстојната година на личен, семеен и бизнис план, за да го живеете посакуваниот живот. Запишете сѝ **што сте спремни да направите дополнително** за да го постигнете тоа, и најважното – направете си план за негово остварување: за секој ден, секоја седмица и секој месец!

**Ние ќе бидеме секогаш со вас на вашиот пат!**



**Стефан и Тања Стаеви**




# Aloe Heat Lotion

## Загревачки алое лосион

### СВОЈСТВА

По долг и тежок ден во канцеларијата, во дворот или спортската сала, мускулите се уморни и болни. На помош доаѓа нашиот загревачки алое лосион!

Лосионот смирува и продира длабоко, благодарение на комбинацијата од алое вера и загревачки билки. Има баласирано pH и е особено погоден за релаксирачка масажа на уморни мускули и сува кожа. Моќта на алоето длабоко да продира ќе ве опушти брзо, ако сте напнати или под стрес, ако имате зглобни или мускулни болки, или главоболка. Ублажува и затнати синуси ако со лесно триење нанесете мало количество врз слепоочниците.

### СОСТАВ

Гел од Алое Барбаденсис (стабилизиран гел од алое вера), вода, метил салицилат, глицерил стеарат, пропанедиол, цетил алкохол, аргинин, ментол, полиетиленгликол-100 стеарат, масло од листот на еукалиптус (Eucalyptus globulus), масло од семки од кајсија (Prunus armeniaca), масло од сусам (Sesamum indicum), цетил етилхексаноат, карбомер, алантоин, аскорбинска киселина, динатриум етилендиамин тетраоцетна киселина, феноксиетанол, метилизотиазолинон.

### УПОТРЕБА

Нанесете обилно и масирајте на саканото место. Избегнувајте контакт со очите. Ако влезе во очите, исплакнете темелно со вода во времетраење од неколку секунди.

- Ублажува болки по активно движење и тренинг.
- Загрева и смирува.
- Идеален за масажа.



# Chairman's Bonus




Chairman's Bonus е една од најдобрите програми за стимулирање кои Форевер ги предлага. Планирајте и поставете сѐ за цел да се квалификувате за неа!

## КАКО ДА СЕ КВАЛИФИКУВАТЕ

**Квалификационен период:** 1 јануари – 31 декември

Откако се издигне на ниво Признат Менаџер, за да се кваликува за некое од нивоата на програмата Chairman's Bonus, СФБ треба да ги исполни следните барања:

- Активност со 4 б. секој месец.
- Квалификација за лидерски бонус (бодови генерирани во месеци во кои СФБ не е квалификуван за добивање на лидерски бонус, НЕМА да се земаат предвид за програмата).
- Да е квалификуван за учество во долгорочната програма за стимулирање.

Нивоата за квалификација во програмата Chairman's Bonus се три, но поважно е што ако се квалификувате на второ или трето, добивате наградни делови и од квалификуваните Chairman's Bonus Менаџери под вас. Тоа значи дека наградата е кумулативна. Имајте предвид дека некои барања треба да бидат исполнети во државата на квалификација, додека други можат да се исполнат во друга држава-учесник.

Држава на квалификација: државата во која сте ги исполниле основните барања.

Држава-учесник: држава која ги исполнила условите за учество во програмата Chairman's Bonus, која реализирала најмалку 3 000 б. месечен обрт во произволни три месеци претходната календарска година и во неа има најмалку еден квалифициран за програмата Chairman's Bonus.

**ПРВО НИВО**

- Соберете 700 лични и неменаџерски бодови, од кои 150 да се НОВИ.
- Помогнете за развој на еден Признат Менаџер кој ќе реализира обем од најмалку 600 вкупни бодови ИЛИ развијте Chairman's Bonus квалификуван во вашата мрежата.

**ВТОРО НИВО**

- Соберете 600 лични и неменаџерски бодови, од кои 100 да се НОВИ.
- Помогнете за развој на ТРИ Chairman's Bonus квалификувани во мрежата, кои се во одделни структури, во произволна држава учесник.

**ТРЕТО НИВО**

- Соберете 500 лични и неменаџерски бодови, од кои 100 да се НОВИ.
- Помогнете за развој на ШЕСТ Chairman's Bonus квалификувани во мрежата, кои се во одделни структури, во произволна држава учесник.

Повеќе детали за квалификацијата има во Деловната политика на Форевер.

## ШТО ДОБИВАТЕ

Секој чек од програмата Chairman's Bonus се определува од бројот на наградните делови кои ги имате во глобалниот бонусен фонд.

### Како се пресметува

Половината од бонусниот фонд се исплаќа на квалификуваните од прво, второ и трето ниво. Една третина од фондот се исплаќа на квалификуваните од второ и трето ниво и една шестина – на квалификуваните од трето ниво.

Квалификуваниот Менаџер добива по еден награден дел за секој свој сумарен бод, генериран во државата на квалификација, плус наградните делови генерирани од првиот Chairman's Bonus Менаџер во секоја негова спонзорска структура во секоја држава учесник.

Секој од трите делови на фондот ќе биде поделен со вк. број наградни делови на сите квалификувани за учество во програмата. Така се одредува паричната вредност на еден дел за конкретниот дел. Оваа вредност ќе биде помножена со наградните делови на секој квалификуван посебно, за да се пресметаат сумите за исплата.

Кога го добивате чекот, највозбудлив дел е да ја видите сумата. Чековите се скриени и ја гледате нивната вредност на сцената или за време на Chairman's Bonus забавата!

### Патување до Глобалното рели

Ако сте квалификувани за Chairman's Bonus, но не за Глобалното рели со најмалку 1500 б., ќе бидете наградени со авио билет, храна и сместување за 5 дена и 4 ноќевања за време на Глобалното рели. Ќе добиете и готовина која може да ја користите за време на релито или кога ќе се вратите дома. Квалификуваните во програмата добиваат покана за учество на Chairman's Bonus забава, за да го прослават постигнувањето.

На фотографијата е прикажано постигнувањето на СФБ кое е резултат од напорна и тимска работа. Доходите не се гарантирани и зависат од посветеноста, упорноста и желбата за личен успех.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА НОЕМВРИ 2019 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕРИ

Лидија Митковска
Надица Петровиќ
Христијан Стевчевски
Ана Орозовиќ Алексиќ
Моника Гелевска Радевски

## СУПЕРВИЗОРИ

Грујевски Филип
Давитковски Трајче
Кајтазова Босилка
Трпеска Билјана

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајрулаи Зенепе
2. Ампова Павлеска Ружица
3. Андоновска Емилија
4. Антовски Борче
5. Апостолова Марија
6. Азири Муазез
7. Азманова Невенка
8. Василевска Лидијана
9. Велев Горан
10. Велков Иван
11. Веловска Магда
12. Витанова Слаѓана
13. Гелевска Наталија
14. Гоцевска Катерина
15. Давитковска Јорданка
16. Деспотовски Игор
17. Димитриевска Елена
18. Димитриевска Весна
19. Димова Марија
20. Димовска Стојанка
21. Димовска Весна
22. Зекиовиќ Рената
23. Зелничка Лилјана
24. Живковиќ Милан
25. Илиќ Наталија
26. Илиевска Базеркоска Слаѓана
27. Илиевска Дијана
28. Илиевска Драгана
29. Иљовска Тушев Јасмина
30. Исеини Елита
31. Исмаили Афрдита
32. Исмаили Севиме
33. Иванова Даница
34. Ивановска Ксенија
35. Јосифова Петрова Нена
36. Јованова Симона
37. Јовева Марија
38. Китанова Ленче
39. Колари Џулфидан
40. Кондоска Весна
41. Костадинова Христина
42. Костова Маја
43. Крстеска Александра
44. Крстевска Андриана
45. Лазаревска Драгица
46. Мешкова Александра
47. Милевска Лидија
48. Митева Билјана
49. Митевска Даниела
50. Митиќ Марија
51. Најдоска Ели
52. Нешовска Билјана
53. Никодиноска Весна
54. Николовска Викторија
55. Османи Џингис
56. Пачариз Короглу Белма
57. Панчевска Карталов Татјана
58. Панчевска Јадранка
59. Панова Сузана
60. Пановска Сања
61. Пефкева Јасмина
62. Петковска Андријана
63. Петковска Велимена
64. Петковска Загица
65. Петрова Катерина
66. Петровиќ Светлана
67. Петровска Христина
68. Петрушевски Горан
69. Пиливанова Маја
70. Попова Љубица
71. Поповска Маја
72. Поповска Владанка
73. Прошева Сандра
74. Ристовска Виолета
75. Садики Ганимете
76. Саѓипи Малус
77. Серафимова Славица
78. Серафимовска Љубица
79. Симјаноска Марија
80. Симонова Љубица
81. Славевски Славе
82. Соколчевска Славица
83. Спасов Горанчо
84. Стаменковски Бобан
85. Станковиќ Стојковиќ Дејана
86. Станковиќ Гојко
87. Стевановска Ирена
88. Стоилкова Ајдинска Валентина
89. Стојановска Гордана
90. Суела Горенца
91. Таши Анифе
92. Трајковска Вера
93. Узевски Сашко
94. Хани Генц
95. Цикалова Снежана
96. Цикарска Вера
97. Џафери Лирије
98. Целиловиќ Емшира
99. Цебр Елена
100. Шајноски Сашо
101. Шопова Темова Фимка

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Моника Гелевска Радевски
Драгица Милосављевиќ
Трајче Давитковски

**Клуб 4 – ниво 3**

Љубомир Димовски

## SUCCESS DAY

**12.01.2020**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток 11 часот**

Влезници може да се подигнат од канцеларијата на Форевер.

**Forever Party** се организира во Holiday Inn во 14:00.
Мени-1000 ден.
Пријавување во канцеларијата на Форевер.

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Елена Гелевска |
| 2. Елена Гелевска | 2. Вера Златковска |
| 3. Славица Донакова | 3. Стевица Димовска |
| 4. Вера Златковска | 4. Славица Донакова |
| 5. Др.Снежана Контра | 5. Др.Роза Гелевска |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Дончо Ѓорѓиев |
| 7. Стевица Димовска | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Блага Крстеска | 8. Жарко Георгиевски |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Фердезе Сулејмани |
| 10. Слаѓана Маџова | 10. Емине Зеќири |


**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like



**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.